# „Богаството не се намалува со давањето милостина, а Аллах за опростувањето кое ќе го направи робот само ќе му го зголеми угледот, и никој нема да се понизи заради Аллах, а да не биде воздигнат од Него

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Богаството не се намалува со давањето милостина, а Аллах за опростувањето кое ќе го направи робот само ќе му го зголеми угледот, и никој нема да се понизи заради Аллах, а да не биде воздигнат од Него."
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни појаснува дека милостината не го намалува имотот, туку го брани од несреќа, и дека Аллах ќе му надокнади на сопственикот со големо добро, па имотот ќе биде зголемен, а не намален. Опростување, иако има можност да се освети или да возврати, на човекот само ќе му ги зголеми угледот и возвишеноста. Нема таков, којшто се понизил заради Аллах, а не заради страв, учтивост или заради некоја корист, а да не биде награден со почит и возвишеност.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5512